**Знаење пренесено на едноставен и пластичен начин преку многу практична работа** е главната импресија на учесниците на тридневната Обука за административно и архивско работење која ја организираше МЦМС по повод 25 годишниот јубилеј.



Од 15 до 17 октомври, **16 претставници на граѓански организации стекнуваа знаења за правилата и законските рамки на административното и архивското работење**.

„Досега во граѓанскиот сектор често сум се сретнувала со административна работа, а не сум била свесна која е одговорноста која сум ја сносела“, рече учесничката Ирина Поповска. Таа изрази задоволство од текот на обуката бидејќи сѐ било детално објаснето и немало простор за нејаснотии.

Во текот на трите дена учесниците слушаа за основите на административното работење и постапување со документацијата. Тие се запознаа со поимот, улогата и значењето на архивското работење; вреднување, прием и распоредување на актите; употреба на печати и штембили; евидентирање на актите во деловодник и архивирање. Во текот на обуката, низ кратки практични вежби по групи имаа можност да го применат наученото и притоа да стекнат поголема самодоверба.



[обуката за обучувачи]